# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од првото продоление на Петтата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 23 декември 1998 година

Седницата се одржа во салата на Владата на Република Македонија, со почеток во 11,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа по осмата точка од Петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Илија Ѓорѓиев, Љупчо Анушев и Благој Ханџиски,

го најавија како оправдано своето отсуство од денешната седница.

Исто така и министрите д-р Миљана Даневска и Жанко Чадо, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Предлогот на одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија, ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, Комисијата за прашања на изборите и именувањата на седницата одржана на 17 и продолжена на 22 декември 19 98 година утврди предлог за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија. Со оваа Предлогодлука утврдени се претседателите и членовите на сите собраниски комсиии, освен на две: Комисијат дава надзор над работата на Дирекцијата за безбедност и контраразознавање и Агенцијата за разузнавање и Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања, со една промена која е утврдена во претходна консултација пред почетокот на оваа седница, во Комисијата за политички систем, наместо претседател да биде Сајковски Аце, претседател да биде Љупчо Јакимовски. Ве молам внесете ја таа измена во вашите материјали.

Поради потребата од дополнителни консултации, помеѓу политичките партии од Собранието на Република Македонија, Комисијата го одложи изборот на претседателите и изборите во Комисијата за надзор над работата на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање и на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања. Единствено што досега е дефинирано, во досегашните консултации е претседател на Комисијата за надзор над работата на Дирекцијата за безбедност и контраразузна-вање и Агенцијата за разузнавање да биде пратеник од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, а претседател на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања да биде пратеникот од Пратеничката група на СДСМ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Отворам претрес по неговото излагање.

Молам, кој бара збор?

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

За волја вистината, јас би сакал да информирам Собранието на Република Македонија дека на вчерашната седница на Комисијата за прашања на изборите и именувањата беше заклучено во врска со изборот, односно конституирањето на овие две комисии, Комисијата за надзор на Дирекцијата за контраразознавање, Агенцијата за разознавање, како и Комисијата за деловнички и мандатно- имунитетни прашања, да биде одложено од денешната седница на Собранието на Република Македонија за некоја наредна седница и дека во врска со целиот состав на тие комисии, како за членовите, така и за претседателот, да биде направено на една од наредните седници. Што значи дека консултациите околу составот на тие комисии понатаму останува отворен и продолжува.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам, дали некој друг бара збор? (Никој),

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање, со онаа мала измена која што претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на самата седница ја даде во врска со претседателот на Комисијата за политички систем. За останатите комисии консултациите ќе продолжат и веројатно на една од наредните седници ќе го ивршиме изборот на членовите и претседателите на овие две комисии.

Според тоа, предлогот така како што ви е доставен со таа изодена на која претседателот на Комисијата ја рече, ја ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?

93 пратеници.

Има ли некој против Предлогот на одлуката? (Нема) .

Дали има некој воздржан? (Нема).

Констатирам дека со 93 гласа "за" и ниту еден против и воздржан глас, Собранието на Република Македонија ја донесе Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Почитувани пратеници, не ви го честитам празникот, затоа што ќе имаме уште една седница до пред Нова година. Денеска заседава Владата, очекуваме да ни предложи некои мерки, кои што ќе можеме да ги разгледаме, но има и некои други прашања, комисиите треба да ги конституираме, треба да ја конституираме анкетната комисија; за набавките, што значи дека ќе имаме најмалку уште една седница до пред новогодишните празници, а до тогаш довидување, ја заклучувам оваа седница .

(Седницата заврши во 11,20 часот).